View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by Directory of Open Access Journals



# 60 ГОДИНИ ВОСПИТАНИЕ, ОБРАЗОВАНИЕ, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Ангелка ВЕЛКОСКА*

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет
Институт за дефектологија

Примено: 16.06.2010
Прифатено: 29.06.2010
UDK: 364.622 (497.7) (062)
364.694 (497.7) (062)

По подолга пауза, повторно оваа година, односно во периодот 27–29 мај, во Битола, се одржа Меѓународна конференција „Денови на дефектолози“. Истата беше во организација на Сојузот на дефектолози на Република Македонија и Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин“ – Битола. Темата на меѓународната конференција беше **„60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лицата со инвалидност во Република Македонија.“**

Во рамките на конференцијата беа опфатени неколку глобални теми, сесии: рана интервенција, лица со ментална попреченост, инклузивно образование, вработување на лица со инвалидност, лица со оштетен слух, лица со растројство во говорот и гласот, лица со аутизам и теми по избор. Во овие сесии беа презентирани вкупно 86 трудови и 7 постер презентации. Свое активно учество зедоа и гостите од Бугарија, Хрватска, Србија и Косово.

Последниот ден од конференцијата беше резервиран за пленарна седница на која беа презентирани заклучоците од сесиите. Оваа седница беше од големо значење, бидејќи учесниците имаа можност да се запознаат со моменталната состојба на третманот на

Адреса за кореспонденција:
Ангелка ВЕЛКОСКА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет
Институт за дефектологија
„Крсте Мисирков“ бб, 1000 Скопје,
Р. Македонија
angelka_v@yahoo.com

# 60 YEARS OF EDUCATION, REHABILITATION AND EMPLOYMENT OF PERSONS WITH DISABILITIES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

*Angelka VELKOSKA*

“Ss Cyril and Methodius” University
Faculty of Philosophy
Institute of Special Education and Rehabilitation

Recived: 16.06.2010
Accepted: 29.06.2010

After a long break, again this year in the period from May 27th to May 29th in Bitola, was held an international conference “Days of special educators”. It was organized by the Association of special educators of the Republic of Macedonia and the Institute for Rehabilitation of children with impaired hearing "Koco Racin" at Bitola. The theme of the international conference was **"60 years of education, rehabilitation and employment of persons with disabilities in the country."**

The conference included several global topics and sessions: early intervention, people with mental disabilities, inclusive education, employment of persons with disabilities, people with hearing impairments, people with speech and voice disorders, people with autism and free topics. These sessions were presented trough a total of 86 papers and 7 poster presentations. Guests from Bulgaria, Croatia, Serbia and Kosovo took an active participation during the conference.

The last day of the conference was reserved for a plenary session when the conclusions of the previous sessions were recaptured. This session was important because participants had the opportunity to learn about the current state of

Corresponding Address:
Angelka VELKOSKA
“Ss Cyril and Methodius” University
Faculty of Philosophy
Institute of Special Education and Rehabilitation
Krste Misirkov bb, 1000 Skopje
Republic of Macedonia
e-mail: angelka_v@yahoo.com

лицата со инвалидност во Република Македонија и во неколку балкански земји. Понатаму беа разменети искуства, потенцирани предностите и слабостите на едукацијата и рехабилитацијата, а се разговараше и за перспективите и потребите од иновации за постојано унапредување на третманот на лицата со инвалидност.

Значајно за конференцијата е тоа што имаше учесници кои се веќе истакнати стручњаци од областа на дефектологијата, како и млади дефектолози кои во последните неколку години се судираат со практичните проблеми. Сплетот од искуство и ентузијазам се покажа како мошне позитивен, резултираше со интересни дискусии и заклучоци, важни за решавање на низа проблеми во развојот на дефектолошката теорија и практика.

treatment of people with disabilities in Macedonia and in several Balkan countries. They could exchanged experiences and highlighted the strengths and weaknesses of the education and rehabilitation, as well as discuss the perspectives and needs of constant innovation to enhance the treatment of people with disabilities.

The most important detail of the conference was its participants who are already distinguished experts in the field of special education and young special educators who in the recent years collide with practical problems. Mixture of experience and enthusiasm proved to be very positive result with interesting discussions and conclusions, important for solving a range of problems of the development of special education theory and practice.